МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК
(MACEDONE in alfabeto cirillico)

# ПРИРОДНИТЕ ПРАВА НА ДЕВОЈЧИЊАТА И МОМЧИЊАТА

1. ПРАВО НА ДОКОЛИЦА
да поминуваат слободно време кое не е испланирано од возрасните

2. ПРАВО ДА СЕ ИЗВАЛКААТ
да си играат со песок, со земја,со трева,со лисја,со вода, со камења, со прачки

3. ПРАВО НА МИРИЗБА
да ги чувствуваат мирисите ; да ги препознаваат мирисите на природата

4. ПРАВО НА ДИЈАЛОГ
да слушаат и да имаат право да се искажат ; да разговараат

5. ПРАВО ДА ГИ КОРИСТАТ РАЦЕТЕ
да коваат шајки, да пилат и да делкаат дрво, да шмирглаат, да лепат, да обликуваат глина, да врзуваат јажиња, да палат огин

6. ПРАВО НА ДОБАР ПОЧЕТОК
да јадат здрава храна од самото раѓање, да пијат чиста вода и да дишат свеж воздух

7. ПРАВО НА ПРОСТОР
да си играат слободно на плоштадите и слободно да шетаат по улиците

8. ПРАВО НА ПРИРОДА
да градат засолништа во шумите, да се кријат во трските, да се качуваат по дрвјата

9. ПРАВО НА ТИШИНА
да го слушаат фучењето на ветрот, песната на птиците, жуборењето на водата

10. ПРАВО НА НИЈАНСИ
да го гледаат сонцето како се буди и заспива ; да им се восхитуваат, во ноќите, на Месечината и на ѕвездите.

ПРЕВОД : Тања Велковска